**20171001971**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13,177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.8.2017 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 192/16, 32/17, 73/17 и 77/17) во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.1. алинејата 3 се менува и гласи:

„-Висината на директните плаќања за пченица изнесува 18.000,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица до 10 ха, 13.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 10,001 до 50 ха, 9.600,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 50,001 до 100 ха и 7.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица над 100 ха, а за јачмен, пченка, ориз, тритикале, соја, сончоглед, маслодајна репка, афион, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и луцерка изнесува 12.000,00 денари по хектар, со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар, Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба;“.

Алинејата 4 се менува и гласи:

„-Висината на директните плаќања за сите наведени култури согласно алинеја 1 од оваа подмерка изнесува 6.000,00 денари по хектар без задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал освен за пченица за која висината на директните плаќања изнесува 12.000,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица до 10 ха, 7.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 10,001 до 50 ха, 3.600,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 50,001 до 100 ха и 1.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица над 100 ха;“.

Во алинејата 5 по зборот „подмерка“ се додаваат зборовите „освен за пченицата“.

По подмерката 1.1. се додава нова подмерка 1.1-а која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1-а. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1 за предаден јачмен од род 2017 година во регистрирани откупувачи | Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со јачмен во производната 2016/2017 година и се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба, оствареното производство да е предадено во регистрирани откупувачи (преработувачки капацитети за добиточна храна) во период од август 2017 година до |

| | | |
|---|---|---|
| | | декември 2017 година, вклучително и произведените количини јачмен за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1,00 ден./кгр.<br>-Висината на поддршката е условена со максимални предадени количини до 4.000 кг/ха јачмен во регистрирани откупувачи. |

Во подмерка 1.3. во алинејата 2 износот „1.000 денари“ се заменува со износот „1.100 денари“.

Во подмерка 1.5. во алинејата 3 износот „30.000 денари“ се заменува со износот „33.000 денари“, а износот „6.000 денари“ се заменува со износот „6.600 денари“.

Во подмерката 1.9. во алинејата 3 износот „90.000,00“ се заменува со износот „99.000,00“, во алинејата 4 износот „33.000,00“ се заменува со износот „36.300,00“ и во алинејата 5 износот 15.000,00 се заменува со износот „16.500,00“.

Во подмерката 1.11. во алинејата 3 износот „40.000,00“ се заменува со износот „44.000,00“, износот „24.000,00“ се заменува со износот 26.400,00“, износот „12.000,00“ се заменува со износот „13.200,00“ и износот „4.000,00“ се заменува со износот „4.400,00“.

Во ставот (4) точка 1) во алинеите 1 и 3 по бројот „1.1.“ се додаваат зборовите „1.1-а.“ .

Член 2

Во членот 4 став 1 во точката 3. по зборовите „член 2 став (2) точки:“ се додаваат зборовите „1.1-а.“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-4300/1
3 август 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.